Акционерско друштво за осигурување и реосигурување
МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп
УПРАВЕН ОДБОР
Број 02 - 9370/2
06.12.2023 година

МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP

Врз основа на член 417 од Законот за трговските друштва, член 66 став 1 точка 1 од Законот за супервизија на осигурување, Одлуката за отпочнување на постапка за стаусна промена – присоединување бр. 02-5170/2 донесена од Собранието на акционери на Друштвото од 11.07.2023 година и Правилникот за потребна документација која се доставува кон барањето за добивање дозволи согласно Законот за супервизија на осигурување, член 59 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп (пречистен текст) бр.02-7727/2-1 од 14.11.2022 година (во понатамошен текст: Друштвото), одредбите од Правилникот за работата на Управниот одбор, Управниот одбор на Друштвото на својата 522ва редовна седница, одржана на 06.12.2023 година, ја донесе следната:

# ПРЕДЛОГ СТАТУТАРНА ОДЛУКА

**за измена и дополнување на Статутот на Друштвото бр.02-7727/2-1**
**(пречистен текст) од 14.11.2022 година**

1. Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Статутот на Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп (пречистен текст) бр. 02-7727/2-1 од 14.11.2022 година.
2. Во Членот 9 ставот 2 се менува и по извршената измена истиот гласи: **(2) Основната главнина на Друштвото изнесува 18,460,416.80 Евра или во денарска противредност пресметано според средниот курс на Еврото објавен од страна на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на донесување на одлуката за измена и/или дополнување на Статутот на Друштвото.**
3. Членот 10 се менува и гласи: **Основната главнина на Друштвото е поделена во 919,162 обични акции.**
4. Членот 11 ставот 1 се менува и гласи: **(1) Номиналната вредност на една обична акција изнесува во ЕУР 20.084.**
5. Во членот 31, став 1 зборовите **„4 (четири)“** се менуваат со зборовите **„5 (пет)“.**
6. Во членот 36, став 1, бројот **„4“** се менува со зборовите **„5 (пет)“.**
7. Сите останати членови на Статутот (пречистен текст) бр. 02-7727/2-1 од 14.11.2022 година остануваат непроменети.
8. Одлуката влегува во сила со денот на добивање на согласност од Агенцијата за супервизија на осигурување и нејзино усвојување од Собранието на Друштвото.
9. По стапувањето во сила на оваа Одлука, Друштвото продолжува да работи на начин и под услови по кои е запишано во Трговскиот регистар што се води при централниот регистар на Република Северна Македонија.
10. Се овластува и задолжува Управниот одбор да утврди и потпише пречистен интегрален текст на Статутот, а Претседателот на Управниот одбор да го потпише истиот.
11. Се овластува и задолжува Управниот одбор по влегување во сила на одлуката и изготвувањето на пречистениот текст, да го запише изменетиот Статут во Трговскиот регистар што се води при Централниот регистар на Република Северна Македонија.
12. Оваа Одлука ќе се достави како Предлог одлука до акционерите на Друштвото.